# Во Охрид е отворена изложба „Охридски мотиви“

Во Охрид е отворена изложба „Охридски мотиви“, што ја организира Одборот за организирање на ликовниот живот, кој се грижи за приредување на ликовни манифестации во ова познато туристичко место во текот на летните месеци.

Покани за учество на оваа изложба им беа испратени, преку републичките здруженија, на сите нивни членови. На поканата одговорија 12 уметници од народните републики Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Македонија, со 31 експонат. Согласно објавените пропозиции, жири-комисијата што ја сочинуваа академскиот сликар Никола Мартиноски, академскиот сликар Ванчо Георгиевски, историчарот на уметноста Антоние Николовски, претседателот на Советот за култура при НО на Охридска околија Димче Маленко и директорот на Народниот музеј во Охрид Гоце Митески, изврши избор на 24 дела од 11 уметници за изложбата. Така, на изложбата се претставени со свои творби сликарите Иван Велков, Тома Владимирски, Владимир Војновиќ, Ѓорѓе Илиќ, Миле Корубин, Вангел Коџоман, Лазар Личеноски, Вилим Свечњак, Јонче Симонче, Јосиф Трајковски и Добрила Џоџо.

Изложбата „Охридски мотиви“ ќе биде отворена до 20 овој месец.



*Вилим Свечњак: „КУЛИТЕ НА ЦАР САМУИЛ“ (масло)*